Врз основа на член 43 став 4 од Законот за сточарство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# Правилник
# за формата, содржината и начинот на водење на регистри на одобрени одгледувалишта на пчелни матици

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистри на одобрените институции за осеменување и за одобрени одгледувалишта на пчелни матици.

## I. Форма, содржина и начин на водење на регистер на одобрени институции за осеменување

## Член 2

Регистарот на одобрени институции за осеменување се води во форма на книга со тврд повез во темно зелена боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

На првата страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис "Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" а на средината стои натпис "Регистар на одобрени институции за осеменување". Натписите се со бела боја.

На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;
- назив, седиште и ЕМБС на одобрената институција;
- број на решение за одобрување на институција;
- дата на регистрација;
- раса (подвид) на медоносни пчели;
- генетска линија на медоносни пчели;
- одгледувачка програма;
- број на трутовски пчелни семејства и
- други специфични податоци за институцијата.

Формата и содржината на регистарот на одобрените институции за осеменување е дадена во прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## II. Форма, содржина и начин на водење на регистер на одгледувалишта на пчелни матици

## Член 3

Регистарот на одгледувалишта на пчелни матици се води во форма на книга со тврд повез во светло зелена боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

На првата страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис "Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" а на средината стои натпис "Регистар на одгледувалишта на пчелни матици ". Натписите се со бела боја.

На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;

- назив, седиште и ЕМБС на одгледувалиштето;
- број на решение за одобрување;
- дата на регистрација;
- раса (подвид) на медоносни пчели;
- генетска линија на медоносни пчели;
- годишен капацитет на производство на матици и
- други специфични податоци за одгледувалиштето.

Формата и содржината на регистарот на одобрените одгледувалишта на пчелни матици е дадена во прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Регистрите од член 1 на овој правилник се водат во пишана или електронска форма.

**Член 5**

Признатите организациите на одгледувачи се бришат од регистарот на организации на производители по нивно барање или доколку престанат да исполнуваат некој од условите пропишани во член 69 став 2 од Законот за сточарство.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. _________________
______________ година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски

**Прилог 1**

**РЕГИСТАР**
**НА ОДОБРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕ**

**РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____**

Назив на институцијата
_______________________________________________

Седиште на институцијата
_______________________________________________

ЕМБС на институцијата
_______________________________________________

Решение за одобрување на институцијата
_______________________________________________

Дата на регистрација
_______________________________________________

Подвид на медоносни пчели кои се одгледува
_______________________________________________

Генетска линија на медоносни пчели
_______________________________________________

Број на трутовски семејства
_______________________________________________

| Одгледувачки програма за | Простор и кадри | Опрема |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Други специфични податоци

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |

**Прилог 2**

**РЕГИСТАР**
**НА ОДОБРЕНИ ОДГЛЕДУВАЛИШТА НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ**

**РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____**

Назив на одгледувалиште

______________________________________________

Седиште на одгледувалиште

______________________________________________

ЕМБС
______________________________________________

Решение за одобрување на одгледувалиште

______________________________________________

Дата на регистрација

______________________________________________

Подвид на медоносни пчели кои се одгледува

______________________________________________

Генетска линија на медоносни пчели

______________________________________________

Годишен капацитет на производство на матици

______________________________________________

| Простор | Кадри | Опрема |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Други специфични податоци

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |
| |